# Снемување струја: безбедност на храната по снемување на струја

Информации за заедницата

## Што да направам за храната да остане безбедна?

### Пред и после снемување на струја

- Обидете се студената и замрзнатата храна да ја одржите што е можно постудена. Тоа е најважната работа. Ако храната е сеуште студена кога ќе ја допрете (под 5 °C), таа е безбедна за употреба.
- Студената или замрзнатата храна која повеќе не е студена на допир, може да се чува и јаде во следните четири часа, а неизедената да се фрли. Ако се работи за сурово месо, треба веднаш да биде зготвено и изедено.
- Жешката храна изедете ја во следните четири часа откако станала жешка или фрлете ја.
- Ако струја дојде додека замрзнатата храна е сеуште тврда, таа може безбедно повторно да се замрзне.

### Што да се прави додека нема струја

- Префрлете ја храната од фрижидер во замрзнувач (freezer).
- Ако прекинот на струја трае повеќе од еден час, ставете ќеси со мраз под спакуваната храна во фрижидерот или замрзнувачот.
- Ако е можно, студената или замрзната храна покријте ја со фолија што изолира.
- Фрижидерот и замрзнувачот отворајте го само ако е апсолутно неопходно. Така температурата на храната и воздухот подолго ќе остане пониска.

Одобрила и објавила Владата на Викторија, 1 Treasury Place, Melbourne.

© Држава Викторија, Department of Health, февруари 2021.